Република Северна Македонија
ЈУ Меѓуопштински центар
за социјална работа
Бр. 0401-1474/16
17.12. 2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административни службеници (,,Службен весник на Република Македонија'' број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Сл. весник на Р.С.Македонија'' број 275/2019, 14/20 , 215/21, 99/22 и член 208/24), член 22 став 1 алинеја 17 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка бр.02-422 од 25.06.2019 година и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 794/2025 ВД Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка на ден 17.12.2025 година донесе

# ОДЛУКА

за избор на кандидат за вработување на административен службеник по објавен јавен оглас бр.794/2025

1.По објавен јавен оглас бр. 794/2025 година од страна на Агенцијата за администрација за потребата од вработување на административен службеник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка за работното место:

Помлад референт за јавни набавки, шифра: СО30102Г04001 во Оддел за административни и помошно-технички работи, Дел за административни работи се избира кандидатот:

Билјана Ваневска

2. Одлуката за избор на кандидатот да се достави до избраниот кандидат, да се објави на огласна табла на Агенцијата за админстрација и на интернет страницата на установата.

3.По конечноста на одлуката за избор на кандидат, ВД Директорот ќе склучи договор за вработување со избраниот кандидат.

Образложение

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка на ден 03.07.2025 година поднесе Барање за објавување на јавен оглас за вработување на административен службеник бр. 04-1474/2 од 03.07.2025 година до Агенција за администрација.

Агенцијата за администрација објави јавен оглас бр.794/2025 за вработување на еден администретивен службеник на работно место помлад референт за јавни набавки, помошно стручен административен службеник од четврто ниво, шифра: СО30102Г04001 во Оддел за административни и помошно-технички работи, Дел за административни работи, за ниво Г04 на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници ,,Нова Македонија" „Слободен печат„ и „Коха".

Согласно Закон за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 221/24) се спроведе постапка за вработување.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви Конечна ранг листа од сите фази на селекција и достави до ВД Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 794/2025 број.0401-1474/15 од 17.12.2025 година,за работно место Помлад референт за јавни набавки,Оддел за административни и помошно-технички работи, Дел за административни работи, шифра: СО30102Г04001, со кој се предлага за вработување кандидатот Билјана Ваневска, со идентификациски код В37239Е.

Согласно член 45 став 1 од Закон за административни службеници, Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (1), (3), или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

Раководното лице во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор ќе склучи договор за вработување на неопределено времена кандидатот од точка 1 на оваа одлука согласно Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка.

Врз основ на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот.

Доставено до: кандидат, Агенција за администрација и архива.

ЈУ Меѓуопштински центар за
социјална работа Крива Паланка
ВД Директор,
Ленче Илиевска